Датум: 24.12.2025 година

**Демант**

Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) ги демантира наводите на Сашко Митовски, Градоначалник на Општина Крива Паланка, изнесени во написот “Десет години, 600 подивени крави и една неспособна држава”, објавени на интернет порталот Призма.мк на Балканска истражувачка репортерска мрежа - БИРН, во кој, изразува сомнеж за, како што вели тој корупциска спрега во структури на АХВ. Како одговорна институција за безбедносота на храната и за здравствената заштита и благосостојба на животните, најодговорно тврдиме дека е неоснован изразениот сомнеж на Градоначалникот Митовски за корупција во рамки на АХВ во врска со напорите кои се преземаат за собирање на одземените говеда од Гоце Ѓорѓиевски и од неговите три ќерки, добиток кој неколку години лута и пустоши во Паланечко.

Напротив, изминатава година Агенцијата е постојано на терен во Крива Паланка и работи на решавање на проблемот со говедата. Градоначалникот Митовски ниту минатата ниту оваа година воопшто се нема јавено ниту побарано соработка со одговорни лица во Агенцијата за решавање на овој проблем.

Иако од АХВ беше побарана помош од Градоначалникот Митовски во врска со овој случај, тој изминатиов месец не обезбеди соодветна механизација од комуналното претпријатие во врска со преземените активности од нашата страна за решавање на овој проблем, иако ветено беше од негова страна дека ќе излезе во пресрет.

И покрај неосновано изразените сомнежи и нагаѓања од негова страна за корупциска спрега во АХВ, за што, како што истакнува чувството за корупција му го засилаува и прекинатата комуникација на Општина Крива Паланка со Агенцијата и на Директорот на АХВ Оливер Миланов со него лично, Агенцијата за храна и ветеринарство ќе продолжи со спроведување на решението за одземање на животните, иако официјалните ветеринари на Агенцијата за храна и ветеринарство континуирано се попречувани во спроведуавње на службените дејствија, за што скоро секогаш се бара и асистенција од полиција.

Со почит,

**Агенција за храна и ветеринарство**